# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 2/2019
## 04.03.2019 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Правилник за постапката и критериумите за распределба на средствата за остварување на јавниот интерес во спортот**

Се објавува **Правилник за постапката и критериумите за распределба на средствата за остварување на јавниот интерес во спортот** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 27.02.2019 година.

Бр.09-132/1
04.03.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 22-а, став 4 од Законот за спортот ("Службен весник на Република Македонија" бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16), член 22, став (6) од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02) и член 25 став 6 од Статутот на Општина Неготино, Советот на Општина Неготино на ден 27.02. 2019 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К

за постапката и критериуми за распределба на средства
за остварување на јавниот интерес во спортот

## *I. ОПШТИ ОДРЕДБИ*

### Член 1

(1) Со овој правилник се определува постапката и се утврдуваат критериумите за доделување средства на субјекти – спортски клубови регистрирани на територијата на Општина Неготино.

### Член 2

(1) Средствата од член 1 од овој Правилник се однесуваат на средства кои Советот на општина неготино ги доделува во текот на една година, а истите се определени со Буџетот на Општина Неготино преку Програмата за култура, спорт и соработка со Здуженија и фондации за 2019 година (Буџетска програма L0)
(2) Висината на средствата од ставот 1 на овој член се одредува од Буџетот на Општина Неготино, за секоја година посебно, на почетокот на тековната година, со акти на Општина Неготино кои се објавуваат во Службен гласник на Општина Неготино.

**Член 3**

(1) Средствата предвидени со Програмата за култура, спорт и соработка со Здуженија и фондации за 2019 година (Буџетска програма L0) која се носи секоја година од страна на Советот на Општина Неготино, се доделуваат на субјектите од член 6 на овој Правилник со цел реализација на јавниот интерес во спортот, а согласно со приоритетите на Општина Неготино во оваа област.

**Член 4**

(1) Заради обезбедување на јавниот интерес во спортот и утврдување единствени услови за вреднување на поднесените програми за кои средства се обезбедуваат од Буџетот на Опшптина Неготино, а истите ги распределува Советот на општината преку Комисијата за јавни дејности, со овој Правилник се утврдуваат критериуми за распределба на средства за поддршка на субјектите (спортски клубови), во понатамошниот текст: критериуми).

**Член 5**

(1) Јавен интерес во областа на спортот, согласно член 22 од Законот за спортот ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 190/16) е поттикнување на реализирањето на програмите на субјектите од член 6 од овој Правилник.

***II. СУБЈЕКТИ – КОРИСНИЦИ И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА***

**Член 6**

(1) Субјекти – корисници на кои се доделуваат средства од Буџетот на Општина Неготино се здруженија од областа на спортот (спортските клубови или спортски сојузи), регистрирани (со седиште) на територијата на Општина Неготино.

**Член 7**

(1) Постапката за доделување на средствата од член 3 од овој Правилник се спроведува на следниот начин:

- Објава на Јавен повик за доделување на средства за субјектите – корисници од член 6 од овој Правилник;

- Прибирање на апликации за доделување средства, поднесени од страна субјектите – корисници од член 6 од овој Правилник;

- Обработка на податоците од апликациите за доделување на средства поднесени од страна на субјектите – корисници од член 6 од овој Правилник, врши службеникот задолжен за областа спорт, вработен во општина Неготино.

- Контрола на наменското користење на средствата по поднесените извештаи од член 14 став (1) поднесени од страна на субјектите – корисници од член 6 од овој Правилник врши службеникот задолжен за областа спорт, вработен во општина Неготино, кој врз оснаова на доставените извештаи од субјектите изготовува единствен - интегриран извештај, кој подоцна со Одлука го потврдува Советот на Општина Неготино.

- Разгледување и вреднување на поднесените апликации за доделување на средства поднесени од страна на субјектите корисници од член 6 од овој Правилник врши Комисијата на јавни дејности, надлежна за работите од областа на спортот, која на Советот на Општина Неготино му доставува Предлог - одлука за распределба на средствата;

- Одлука за доделување на средства носи Советот на Општина Неготино;

- Поднесување на финансиски извештај за потрошените средства од страна на субјектите - корисници од член 6 од овој Правилник, добиени претходната година.

### *II.1. Јавен повик за доделување на средства*

**Член 8**

(1) Објавување на Јавен повик за користење на финасиски средства од Буџетот на Општина Неготино, предвидени со Програмата за култура, спорт и соработка со здруженија и фондации за соодветната година.
(2) Јавниот повик од ставот (1) на овој член може да се објави еднаш или повеќе пати во текот на годината, согласно можностите и потребите на општината.
(3) Јавниот повик од ставот (1) од овој член се објавува на интернет страната на Општина Неготино и трае најмалку 7 (седум) дена од денот на објавувањето.
(4) Во јавниот повик од ставот (1) од овој член, покрај другото, се назначува и начинот на доставување на апликациите за доделување на средства и лице за контакт од општината.

### *II.2. Апликација за доделување на средства*

**Член 9**

(1) Субјектите од член 6 став (1) од овој Правилник, по објавувањето на јавниот повик, до општината поднесуват:
- комплетна документација од извршена регистрација;
- годишна програма за работа;
- апликативен формулар за доделување на средства кои се во вид на пропишан образец (апликација) објавен на интернет страната на Општина Неготино;
- доказ дека немаат блокирана сметка, односно доказ за активна наменска сметка, добиен од надлежна институција

Апликациите се доставуваат во тврда копија во предвидениот рок до Општина Неготино и во електронска форма до одговорното лице за спорт во општината.

(2) Образецот (апликација) за доделување на средства е даден во прилог на овој Правилник.

(3) За вистинитоста на податоците наведени во апликацијата од ставот (1) на овој член одговараат одговорните лица на Субјектите од член 6, став (1) од овој Правилник.

(4) Општина Неготино го задржува правото да изврши проверка на податоците наведени во апликациите од ставот (1) од овој член во секое време.

(5) Доставените прилози со апликацијата не се враќаат

### *II.3. Обработка на апликациите за доделување на средства*

**Член 10**

(1) По поднесените апликации од член 9 став (1) од овој Правилник, службеникот задолжен за областа спорт, вработен во општина Неготино, по завршувањето на рокот од јавниот повик, ќе изврши обработка и ќе ја утврди навременоста и комплетноста на поднесените апликации.

(2) По обработката на апликациите во поглед на ставот (1) на овој член, службеникот задолжен за областа спорт, вработен во општина Неготино, составува извештај кој го доставува до Комисијата за јавни дејности при Советот на општината.

(3) Извештајот од став (2) од овој член ги содржи следните информации:

- датум на пристигање на апликациите, притоа да се запази дадениот рок за аплицирање;
- листа на субјекти корисници кои поднеле апликации;
- констатација (забелешка) за навременост и комплетност на апликациите;

### *II.4. Контрола на наменското користење на средствата*

**Член 11**

(1) По поднесените извештаи од член 14 став (1) од овој Правилник, Комисијата за јавни дејности при Советот на Општина Неготино врши разгледување на извештаите на Субјектите од член 6 став (1) од овој Правилник за наменско користење на средствата и утврдува:
- навремено доставување на извештајот
- целовитост на извештајот
- наменско/ненаменско користење на средствата
- моментален статус на наменската сметка, односно дали истата е блокирана или не.

(2) Комисијата од став (1) од овој член доставува предлог - извештај за својата работа до Советот на Општина Неготино, кој утврдува кои апликации на субјектите – корисници од член 6 став (1) од овој Правилник ќе бидат земени во предвид за доделување / недоделување на средства за соодветната година.

**Член 12**

(1) Комисијата за јавни дејности при Советот на општината расправа за поднесените апликации и извештајот од член 10 став (2) на овој Правилник во поглед на оправданоста и висината на средствата кои се бараат со апликациите поднесени од страна на субјектите – корисници.

(2) По спроведеното разгледување, оценување и расправа за поднесените апликации и извештајот од член 10 став (2) на овој Правилник, Комисијата донесува Предлог – одлука за распределба на средствата на субјектите кои поднеле уредни апликации и ги исполнуваат условитеза користење на средствата.

(3) Комисијата нема да ги земе во предвид апликациите на субјектите – корисници при донесувањето на Предлог – одлуката за распределба на средства на оние субјекти - корисници за кои од страна на службеникот задолжен за областа спорт, вработен во општина Неготино е утврдено: ненавремено доставување на извештајот за претходната година или ненаменско користење на средствата или клубот има блокирана наменска сметка.

### *II.5. Одлука за доделување / недоделување на средства*

**Член 13**

(1) По донесувањето на Предлог – одлуката од член 12 став (2) на овој Правилник, Советот на општината донесува Одлука за доделување на средства.

(2) Општината ги објавува резултатите, односно Одлуката за доделување/недодлеување на средства на субјектите - корисници за соодветната година на својата интернет страна.

(3) За користење на средствата од став (1) на овој член се склучува договор помеѓу корисникот и општината, со утврдување на права и обврски на потписниците, освен доколку корисникот во моментот на склучување на договорот има блокирана сметка.

### *II.6. Извештај за потрошени средства*

**Член 14**

(1) Субјектите од член 6 став (1) од овој Правилник се должни за потрошените средства кои им биле доделени од Буџетот на општината да достават Извештај за начинот на користење на средствата.

(2) Извештајот од ставот (1) од овој член мора да ги содржи следните елементи:

**А) Наративен дел:**

- Реализирани активности за кои се доделени средства;
- Остварени спортски резултати;
- Субјекти кои се опфатени со доделените средства

**Б) Финансиски дел:**

- Детален приказ за потрошените средства (поткрепен со документација: платени фактури, исплатни листови, налози, изводи од банка, фискални сметки, резервации во хотел, билети за транспорт и сл.)

(3) Извештајот од ставот (1) од овој член се доставува до општината најдоцна до 31 декември во тековната година, или по исклучок, кога општината ќе побара од субјектите – корисници да достават финансиски извештај во определен период од годината, во точно определен рок.

## *III. КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА*

**Член 15**

(1) Субјектите - корисници од член 6 став (1) од овој Правилник, според категоризацијата на надлежниот државен орган за спорт - Агенцијата за млади и спорт, се категоризираат во следните групи:

**Група I**

**Екипни спортови**

1. Фудбал
2. Ракомет
3. Кошарка
4. Одбојка

**Група II**

**Индивидуални спортови**

1. Борење
2. Тенис
3. Шах

**Група III**

**Неолимписки спортови**

1. Карате
2. Кик бокс
3. Алпинизам
4. Планинарски спортови
5. Риболовен спорт
6. Боди билдинг и фитнес

**Група IV**

**Комплексни спортови**

1. Училишни спортски клубови/сојузи

**Член 16**

(1) Право за добивање на средства од општината имаат само субјекти – корисници кои се категоризирани во една од наведените групи во ставот (1) од овој член, кои имаат активни органи на управување, односно Управа на клубот/сојузот: управен и надзорен одбор избрани на редовно годишно собрание.

**Член 17**

(1) Висината на доделените средства зависи директно од категоризацијата наведена во ставот (1) од овој член, односно најмногу средства се доделуваат на субјектите – корисници кои се категоризирани во Група I, а најмалку на субјектите – корисници категоризирани во Група IV.

(2) Субјектите – корисници на кои ќе им бидат доделени средства за финансирање мора да поседуваат/отворат посебна – наменска сметка на која ќе им бидат префрлани исклучително средствата доделени од Општина Неготино.

(3) Доделените сдества не смеат да се префрлаат на редовната или друга сметка на спортскиот клуб/сојуз, или пак да се исплаќаат обврски по други договори од редовната сметка.

(4) Средствата кои Општина Неготино ги доделува за финансирање на субјектите-корисници за обезбедување на нивно непречено функционирање, треба да бидат користени наменски, односно исклучително за:

- котизација за учество во соодветната лига, која се плаќа на соодветната федерација;

- исплата на надоместоци за официјални лица на натпреварите (судии и делегати);

- транспорт/превоз на спортистите во екипните спортови на гостинските натпревари;

- транспорт/превоз на спортистите во индивидуалните спортови на државни и меѓународни првенства и турнири;

- набавка на спортска опрема за потребите на клубот.

- плати, надоместоци и бонуси на спортистите и стручниот штаб врз основа на правилникот на клубот кој во писмена форма се доставува до Општина Неготино, заедно со поднесената апликација (клубовите кои нема да го достават овој правилник заедно со апликацијата, нема да можат да ги користат доделените средства за оваа намена);

(5) Средствата кои Општина Неготино ги доделува за финансирање на субјектите– корисници не смеат да бидат користени за:

- репрезентации во угостителски објекти;

- набавка на горива (бензин, нафта, плин)

**Член 18**

(1) Според член 12, став (3) од овој Правилник, во случај надлежната Комисија при Советот на општина Неготино да констатира: ненавремено доставување на извештајот за претходната година или ненаменско користење на средствата пропишано со член 17 став (4) и (5), субјектите – корисници (спортските клубови/сојузи) го губат правото за аплицирање за добивање на финансиски средства од општината за наредните 3 години.

## *IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

**Член 19**

Општина Неготино го задржува правото доклку не е во можност поради финансиски потешкотии, да не ги исплати вкупно доделените средства на субјектите - корисници за соодветната година.

**Член 20**

Толкување на одредбите на овој Правилник дава органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот.

**Член 21**

Со денот на стапување во сила на овој Правилник, престанува на важи Методологијата за утврдување на критериумите за распределба на финансиски средства за спортските клубови и други правни лица во областа на спортот од Општина Неготино, бр. 08-103/23 од 26.02.2018 година.

**Член 22**

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

бр.08-119/3
27.02.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**П р е т с е д а т е л,**
Диме Витанов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2019 година**

Се објавува **Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2019 година** , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 27.02.2019 година.

Бр.09-132/2
04.03.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 20 од Законот за прсторно и урбанистичко планирање (,,Сл. весник на РМ,, бр. 199/14, 44/15 , 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 79 став 1 точка 6 од Статутот на општина Неготино (,,Сл.гласник на Општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата на одржана на ден 27.02.2019 донесе

**ПРОГРАМА за изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА**
**за изработка на урбанистички планови на просторот**
**на општина Неготино за 2019 год**

Во Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на Општина Неготино за 2019 година бр. 08-611/10 од 26.12.2018 година во делот 2.2 Детален урбанистички план во пододделот 2.2.1 Планирани планови во локација УЗ 8-Индустрија пред - Урбан блок 8.2 се додава Урбан блок 8.1 –помеѓу улиците Серта,Туристичка и Индустриска, начин на плаќање – самофинансирање.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Сл.гласник на општина Неготино“.

бр.08-119/4
27.02.2019 година

**СОВЕТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО**
Претседател
Диме Витанов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Заклучок за усвојување на Акциониот план за енергетска ефикасност на општина Неготино**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Акциониот план за енергетска ефикасност на општина Неготино** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 27.02.2019 година.

Бр.09-132/3
04.03.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 30 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 27.02.2019 година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на општина Неготино го усвои Акциониот план за енергетска ефикасност на општина Неготино во 2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавување во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-119/5
27.02.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

# 0ПШТИНА НЕГОТИНО

## Акционен план за реализација на активности од енергетската ефикасност

## за 2019 година

**Акционен план** за енергетската ефикасност во **2019 година** на општина Неготино

| Ред бр | Проект/активност | Ц ел | Финансирано од | Корисник | Приближна вредност на инвестицијата (€) | Период на реализација | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Делумна топлинска изолација на надворешни ѕидови | Подобрување на енергетската ефикасност | IPA - фондови | Општинска зграда Неготино | 6 830 | II квартал / 2019 | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |
| 2 | Делумна замена на надворешни прозори и врати | Подобрување на енергетската ефикасност | IPA -фондови | Општинска зграда Неготино | 13 000 | II квартал / 2019 | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |
| 3 | Делумна замена на топлински тела - радијатори | Подобрување на енергетската ефикасност | IPA-фондови | Општинска зграда Неготино | 5 850 | II квартал / 2019 | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |
| 4 | Делумна замена на внатрешното | Подобрување на енергетската | IPA -фондови | Општинска зграда | 2 030 | II квартал / 2019 | Заштеда на енергија, |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | осветлување | ефикасност | | Неготино | | | подобрена енергетска ефикасност |
| 5 | Улично осветлување замена на дел од постоечки светилки со штедливи | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност | IPA - фондови | Општина Неготино | 275 450 | II квартал / 2019 | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |
| 6 | Дислокација на мерни броила и автоматика од трафостаници на ЕВН надвор во стандардизирани ормари | Заштеда на енергија, | IPA - фондови | Општина Неготино | 25 000 | II квартал / 2019 | Заштеда на енергија преку примена на софистицирана автоматика |
| 7 | Поставување на систем за централно греење | Подобрување на енергетската ефикасност | Јапонска амбасада | ПУ „Гоце Делчев“ с. Долни Дисан | 40 000 | Јуни, јули 2019 год. | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Замена на постоечки со ПВЦ енергетски ефикасни прозори | Подобрување на енергетската ефикасност | IPA - фондови | СОУ „Св. Кирил и Методиј„ Неготино | 81 300 | Јули – август 2019 | Подобрени енергетски к-ки на објектот, заштеда на енергија |
| 9 | Поставување на сончеви колектори за санитарна топла вода | Подобрување на енергетската ефикасност | IPA - фондови | СОУ „Св. Кирил и Методиј„ Неготино | 5 000 | Јули – август 2019 | Заштеда на енергија, подобрена енергетска ефикасност |
| 10 | Подобрување на термо енергетските карактеристики на дел од зграда | Топлинска изолација на таван | Сопствени средства | ООУ “Гоце Делчев“ Неготино | 650 | јуни-јули 2019 | Подобрување на термо енергетските карактеристики на зградата и намалена потрошувачка на енергенс за загревање помала емисија, на гасови во атмосферата |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 11 | Подобрување на термо енергетските карактеристики на зграда | Промена на внатрешното осветлување | Сопствени средства | ООУ " Гоце Делчев" Неготино | 1 100 | јуни-јули 2019 | Подобрување на термо енергетските карактеристики на зградата и намалена потрошувачка на енергенс за загревање |
| 12 | Информативно и едукативно делување | Подигање на свеста за значењето на енергетската ефикасност, подобрување на знаењата за ЕЕ и ОИЕ на јавноста | Буџет на општина Неготино | Учениците од основните и средните училишта од општините од ВПР | 250 | Во тек на цела година | Промена на односот кон енергијата, подобрена енергетска ефикасност |
| 13 | Информативно и едукативно делување | Подигање на свеста за значењето на енергетската ефикасност, подобрување на знаењата за ЕЕ и ОИЕ на јавноста | Буџет на општина Неготино | Граѓаните на општините од Вардарски плански регион | 250 | Во тек на цела година | Промена на односот кон енергијата, подобрена енергетска ефикасност |

бр.08-119/5

27.02.2019

година

Председател на Совет на Општина Неготино

Диме Витанов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација**

Се објавува **Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација** , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 27.02.2019 година.

Бр.09-132/4
04.03.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ“ број 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ број 3/06, 2/2011 и 09/11, 16/12), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 27.02.2019 година, донесе

# О Д Л У К А

**за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација**

Член 1

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и усогласување на намена на бесправно изградени објекти кои треба да се вклопат со поединечни зони според намената на земјиштето и општиот режим на градење и употреба.

Член 2

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **1185/2 , КП.бр. 1183** КО Пепелиште – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект означен со број на зграда 1 со намена А1-домување во станбени куќи, број на зграда 2 со намена А1-домување во станбени куќи, број на зграда 3 со намена А1-домување во станбени куќи (според геодетски елаборат бр. 0703/870 од 09.07.2013 година и анекс на геодетски елаборат бр. 0703/870-1 од 15.11.2018 година).Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општи на Неготино“.

бр.08-119/6
27.02.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**П р е т с е д а т е л,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Решение за давање на согласност на годишниот план за вработување за 2020 година на Локална библиотека ,, Страшо Пинџур,, Неготино**

Се објавува **Решение за давање на согласност на годишниот план за вработување за 2020 година на Локална библиотека ,, Страшо Пинџур,, Неготино** , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 27.02.2019 година.

Бр.09-132/5
04.03.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 20-б став 2 точка 15 од Законот вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ„ бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016) и член 79 став 1 точка 31 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 27.02.2019 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2020 година на Локална библиотека „Страшо Пинџур“ Неготино**

Член 1

СЕ ДАВА согласност на Годишниот план за вработување за 2020 година на Локалната библиотека „Страшо Пинџур“ Неготино.со бр.03-22 од 08.02.2019 година.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-119/7
27.02.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Решение за давање согласност на годишниот план за вработување за 2020 година на СОУ „Св. Кирил и Методиј„ Неготино**

Се објавува **Решение за давање согласност на годишниот план за вработување за 2020 година на СОУ „Св. Кирил и Методиј„ Неготино** , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 27.02.2019 година.

Бр.09-132/6
04.03.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 20-б став 2 точка 15 од Законот вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ„ бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016) и член 79 став 1 точка 31 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 27.02.2019 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2020 година на СОУ „Св.Кирил и Методиј„ Неготино**

Член 1

СЕ ДАВА согласност на Годишниот план за вработување за 2020 година на СОУ „Св. Кирил и Методиј„ Неготино.со бр.04-56/1 од 20.02.2019 година.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „ Сл ужбен гласник на општина Неготино„.

бр.08-119/8
27.02.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2020 година на ООУ „Гоце Делчев„ Неготино**

Се објавува **Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2020 година на ООУ „Гоце Делчев„ Неготино** , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 27.02.2019 година.

Бр.09-132/7
04.03.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 20-б став 2 точка 15 од Законот вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ„ бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016) и

член 79 став 1 точка 31 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 27.02.2019 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2020 година на ООУ ,,Гоце Делчев,, Неготино**

Член 1

СЕ ДАВА согласност на Годишниот план за вработување за 2020 година на ООУ ,,Гоце Делчев,, Неготино со бр.01-64/1 од 21.02.2019 година.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-119/9
27.02.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот

на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за давање согласност на годишниот план за вработување за 2020 година на Општинска установа Музеј на град Неготино**

Се објавува **Решение за давање согласност на годишниот план за вработување за 2020 година на Општинска установа Музеј на град Неготино** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 27.02.2019 година.

Бр.09-132/8
04.03.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 20-б став 2 точка 15 од Законот вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ„ бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016) и член 79 став 1 точка 31 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 27.02.2019 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2020 година на Општинска установа Музеј на град Неготино**

Член 1

СЕ ДАВА согласност на Годишниот план за вработување за 2020 година на Општинска установа музеј на град Неготино.со бр.04-43/1 од 20.02.2019 година.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „ Сл ужбен гласник на општина Неготино„.

бр.08-119/10
27.02.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Решение за давање согласност на Критериумите за вдомување на бездомни лица на територијата на општина Неготино**

Се објавува **Решение за давање согласност на Критериумите за вдомување на бездомни лица на територијата на општина Неготино**, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 27.02.2019 година.

Бр.09-132/9
04.03.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 6/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 27.02.2019 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

